**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ЛОЗАРО-ОВОШТАРСКО ПРОИЗВОДСТВО

**III ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Техничар за фармерско производство***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ЛОЗАРО-ОВОШТАРСКО ПРОИЗВОДСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за фармерско производство

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***лозаро-овоштарско производство*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги познава биолошките и морфолошките особини на овошките и виновата лоза;
- да разликува вегетативно од генеративно размножување на овошките и виновата лоза;
- да ги објаснува постапките за подигање на овошни и лозови насади;
- да го објаснува режењето на овошките и виновата лоза;
- да ја познава примената на агротехничките мерки при одгледување на овошките и виновата лоза;
- да ги објаснува манипулативните постапки со овошјето и грозјето по нивната берба;
- да развива професионален однос кон работата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***лозаро-овоштарско производство*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: биологија, хемија, педологија, агрохемија и земјоделска техника од втора година, како и од предметот основи на земјоделие со ветеринарство од прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. БИОЛОШКИ ОСОБИНИ НА ОВОШКИТЕ И ВИНОВАТА ЛОЗА** | **8** | ***Ученикот:***<br>- да ги опишува подземните и надземните органи на овошките и виновата лоза;<br>- да ги познава морфолошките и физиолошките особини на овошките и виновата лоза;<br>- да ги разликува фазите на развој на животниот циклус кај овошките и виновата лоза;<br>- да го опишува стадиумскиот развој кај овошките;<br>- да ја познава поделбата на овошните видови според формата на плодот. | - Објаснување за морфолошките и физиолошките особини на овошките и виновата лоза;<br>- презентирање разни органи на овошките и виновата;<br>- организирање посета на овоштарник и лозов насад за запознавање со морфолошките особини на одделни видови и сорти овошки и винова лоза. | - Практична настава |
| **2. РАЗМНОЖУВАЊЕ НА ОВОШКИТЕ И ВИНОВАТА ЛОЗА** | **12** | - Да ги разликува начините на размножување на овошните видови и виновата лоза (генеративно и вегетативно размножување);<br>- да ја познава примената на генеративното размножување во лозарското и овоштарското | - Објаснување за начинот на размножување и разликите кај овошките и виновата лоза;<br>- демонстрирање преку слики, цртежи, филмови и разни модели за | - Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | производство;<br>- да го објаснува вегетативното размножување кај овошките и виновата лоза (резници, положеници и калемење);<br>- да ги познава начините на калемење кај овошките и виновата лоза;<br>- да ја сфаќа важноста на производството на лозов и овошен посадочен материјал;<br>- да ја сфаќа улогата на центрите за производство на лозов и овошен посадочен материјал;<br>- да ја познава организационата поставеност на овошен и лозов расадник;<br>- да го објаснува производството на овошен и лозов посадочен материјал. | организационата поста-веност на овошните и лозови насади и начините на размножување;<br>- организирање вежби за начините на калемење на овошките и виновата лоза;<br>- презентирањњ на лозови и овошни расадници и расадничко производство;<br>- организирање посета на лозови и овошни расадници. | |
| **3. УСЛОВИ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ОВОШКИТЕ И ВИНОВАТА ЛОЗА** | **8** | - Да го сфаќа значењето на климатските фактори за развитокот на овошките и виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на температурата, светлината, влажноста и ветровите врз развитокот на овошките и виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на | - Објаснување со најважните климатски фактори за развој на овошките и виновата лоза: температуре, светлина, влажност и ветрови;<br>- запознавање со влијанието на почвените особини и почви врз | - Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | географската ширина и надморката височина врз развитокот на овошките и виновата лоза ;<br>- да го познава влијанието на релјефот, шумите, механичкиот состав на почвата, физичките особини на почвата, воздушниот режим на почвата и хемискиот состав на почвата врз развитокот на овошките и виновата лоза. | развојот на овошките и виновата лоза;<br>- менторирање на проектни задачи за истражување на условите за одгледување на овошките и виновата лоза. | |
| **4. ПОДИГАЊЕ НА ОВОШНИ И ЛОЗОВИ НАСАДИ** | **12** | - Да ја сфаќа важноста од подготовка на површината за подигање на овошни и лозови насади;<br>- да разликува рачно од машинско риголовање на почвата;<br>- да објаснува парцелирање на површината;<br>- да го определува растојанието и распоредот на овошките и лозите при садење;<br>- да ја објаснува подготовката на садниците пред садење;<br>- да определува сорти на овошки и лози според условите за одгледување;<br>- да определува време, начин и форма на садење. | - Презентирање начини на подигање на овошни и лозови насади;<br>- организирање вежби за парцелирање на површината и определување на растојанието и распоредот на овошките и лозите при садење;<br>- презентирање на техниката на подготвување на садниците за садење;<br>- организирање посета на земјоделски површини при подигање на овошни и лозови насади. | - Земјоделска техника<br>- Практична настава |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **РЕЗИДБА НА ОВОШКИ И ВИНОВА ЛОЗА** | **14** | - Да ја сфаќа поврзаноста меѓу начинот на резидба и приносот на овошките и виновата лоза;<br>- да го планира приносот на овошје и грозје според избраниот начин на резидба;<br>- да ги познава системите на одгледување на овошките и виновата лоза;<br>- да ги разликува начините на резидба (кроење) на овошките и виновата лоза;<br>- да ги препознава родните папки кај виновата лоза;<br>- да го определува начинот на кроење кај одредени сорти на овошки и винова лоза. | - Објаснување за планирање на приносот на овошје и грозје при одредена резидба на овошки и винова лоза;<br>- демонстрирање начини на резидба на овошки и винова лоза;<br>- организирање вежби за совладување на техниките на резидба (кроење) на овошките и виновата лоза;<br>- организирање посета на овошни и лозови насади. | - Земјоделска техника<br>- Практична настава |
| 6 | **ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ОВОШКИТЕ И ВИНОВАТА ЛОЗА** | **12** | - Да ги познава мерките за одржувањето на овошките и виновата лоза под ледини, угар, поткултури, мулчирање и зелено ѓубрење;<br>- да ја објаснува обработката на овошките и лозјата: есенска длабока, пролетна и летна плитка обработка, загрлување, одгрнување и подривање;<br>- да ги разликува начините на ѓубрење на овошните и лозовите | - Објаснување за мерките за одгледување на овошките и виновата лоза;<br>- демонстрирање техники за обработката на површините под овошни насади и лозја;<br>- презентирање начини на обработка, ѓубрење, наводнување и заштита на овошките и виновата | - Земјоделска техника<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | насади;<br>- да определува време, норми и начини на наводнување на овошните и лозовите насади;<br>- да ја познава заштитата на овошките и виновата лоза;<br>- да разликува врзување на стебла од врзување на зелени ластари. | лоза;<br>- организирање посета на овошни и лозови насади. | |
| **7. БЕРБА, СКЛАДИРАЊЕ, ПАКУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА ОВОШЈЕ И ГРОЗЈЕ** | **6** | - Да утврдува зрелост на овошје и грозје за берба;<br>- да ги објаснува постапките за рачна и машинска берба на овошје и грозје;<br>- да ги познава условите за складирање и чување на овошјето и грозјето;<br>- да ја разликува амбалажата за пакување на овошје и грозје;<br>- да ја сфаќа важноста од добро оранизиран транспорт на овошје и грозје. | - Демонстрирање начини за берба на овошје и грозје;<br>- објаснување за складирање, пакување и транспорт на овошје и грозје;<br>- презентирање различна амбалажа за пакување на овошје и грозје;<br>- организирање посета на ладилници или складишта за чување на овошје и грозје. | - Земјоделска техника<br>- Практична настава |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***лозаро-овоштарско производство*** имаат теоретски карактер и практично стручно значење, поради тоа, во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така, покрај фронталните предавања, потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Постојат, исто така, можности за примена на разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, Интернет пребарување, практична работа.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира наставата преку дефинирање и конкретизирање на задачите на часот и притоа врши усни излагања, објаснувања, демонстрирања, пишување и цртање на табла, давање инструкции.

Активноста на учениците се состои во: набљудување, прибележување, вежбање, поставување прашања, изведување на практични работи, домашни задачи и сл.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***лозаро-овоштарско производство*** се остварува преку предавања кои ќе се реализираат во училници и кабинети. Покрај предавањата треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во овошни и лозови насади во училишната економија или во акционерски друштва кои се занимаваат со производство, складирање, преработка, пакување и промет на овошје и грозје.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес се користат разновидни наставни средства и помагала: цртежи, филмови, дијафилмови, слики за графоскоп, компјутер, микроскоп, лабораториска опрема, прибор и земјоделска механизација за овоштарско и лозарско производство.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите  ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршењето на вежбите, практичните операции и работните задачи, преку изготвување на проекти и други писмени извештаи, концепти и сл.

Оценувањето е јавно (односно на ученикот му се соопштува оценката со образложение што се́ е вреднувано).
Оценувањето на учениците се врши согласно со Правилникот за следење, вреднување и оценување на знаењата на учениците.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средното  образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен  за соработка, да поседува високи етички вредности, да гиприменува литературниот јазик и писмото на кои  се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***лозаро-овоштарско производство*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство*** (лозаро-овоштарска или општа насока).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата, содржините по овој предмет се реализираат во училница, кабинет, лабораторија, во училишна економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во лозови насади. Стандардот за простор е предвиден во нормативот за простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

### 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Звонко Божиновиќ, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Страшо Крчов, наставник во СОЗШУ „Ѓорче Петров” - Кавадарци
4. Ристо Милев, АД „Гоце Делчев” - Кавадарци

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***лозаро-овоштарско производство*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4631/24*** од ***21.06. 2007*** година.